ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 164 – 1/2009
Загреб, 31. 10. 2009.

# З А П И С Н И К

од **5. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **31.10.2009. година** со почеток во **12.50 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во **Масарикова 16/1**, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Н. Гроздановски – Загреб, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб, З. Петровски – Пула и И. Дуноски – Риека.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, С. Чомов – член на НО на Заедницата, М. Апостоловска – гл. уредник на „М. глас„ Р. Димовски – дописник од Пула, Е. Лонгин – дописник од Задар, М. Георгиевска – дописник од Сплит, В. Настески – дописник од Риека, И. Лепитков и Т. Апостолоски – претставници на МПЦО „Св. З. Мегленска„ од Загреб.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 4-та седница на УО;
2. Донесување на одлука за редефинирање на износот за Договорот помеѓу Заедницата и МКД „Охридски бисер„ и Заедницата и МПЦО „Св. Злата Мегленска„ за уредување на меѓусебните односи и услови за користење на дел од просториите на Заедницата, а со цел за подмирување на дел од вкупните режиски трошоци на Заедницата;
3. Решавање на тековните прашања за списанието „Македонски глас„ и усвојување на донесените одлуки;
4. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.10.-31.12.2009.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
5. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2009. godine“ со трошковниците;

6. Договор околу реализацијата на програмите во 2009 година и усвојување на донесените одлуки;
7. Договор за План и програма на работа за 2010. година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и усвојување на донесените одлуки – Извештај за промените на Критерумите и Методологијата за работа;
8. Именување на инвентурна комисија која ќе спроведе инвентура за имовинската состојба на Заедницата за 2009. година и ќе направи записник;
9. Разно.

**Ад. 1.** За записникот од 4. седница Б. Штерјов даде примедба дека под точка Ад. 6. неговиот навод бил неточно интерпретиран, односно тој не дал предлог со колкав процент да се поделат сите режиски трошоци помеѓу МКД „Охридски бисер„ МПЦО „Св. З. Мегленска„ и Заедницата, туку дал предлог само за висината на процентот за МКД „Охридски бисер„ па членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 4. седница со таа корекција (прилог).

**Ад. 2.** Врз основа на дописот кој пристигна од МПЦО „Св. Злата Мегленска„ како одговор на одлуката од 4. седница на УО на Заедницата, за неприфаќање на процентот од 35% за учество во плаќање на режиските трошоци (прилог), повторно се отвори расправа за ова прашање. Претс. А. Митревски рече дека на оваа седница, кога се присутни претставници од сите три заинтересирани страни, треба да се најде заедничко решение и да се одлучи како понатаму ќе се делат режиските трошоци. По расправата во која сите го изнесоа своето мислење, од трите дадени предлога (1. МКД 20%, МПЦО 25%, ЗМРХ 55% – З. Петровски; 2. МКД 25%, МПЦО 25%, ЗМРХ 50% – А. Митревски и И. Дуноски; и 3. МКД 20%, МПЦО 20%, ЗМРХ 60% – Б. Штерјов), се гласаше на следниот начин: за предлогот 1. – 4 гласа за; за предлогот 2. – 3 гласа за; и за предлогот 3. – без глас. Со тоа, членовите на УО со јавно гласање **со 4 гласа за, го усвоија предлогот под бр. 1. и ја донесоа следната одлука**:

- Поделба на плаќање на режиските трошоци во просториите на Заедницата: МКД „Охридски бисер„ 20 %, МПЦО „Св. Злата Мегленска„ 25 % и ЗМРХ 55 %.

**Ад. 3.** Врз основа на донесената одлука на состанокот на УО на МКД „Македонија„ од Сплит, за прифаќање на оставката, а со тоа и разрешување на досегашната дописничка од Сплит и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас„ Виолета Рајиќ-Жгањер и именување на Милена Георгиевска (прилог), членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се потврдува разрешувањето на Виолета Рајиќ-Жгањер од членството на Редакцијата на списанието „М. глас„ како досегашна дописничка од Сплит;
- Се потврдува именувањето на Милена Георгиевска како член на Редакцијата на списанието „М. глас„ и како дописничка од Сплит.

Потоа, претс. А. Митревски ги информираше присутните дека е променета печатницата за печатење на „М. глас„ бидејќи новата „М-принт„ е многу поповолна од досегашната. Во понатамошната дискусија беа изнесувани нови идеи и размислувања како и критики за подобрување на квалитетот и содржината на списанието. Се даде предлог дека треба да се обрати поголемо внимание на приоритетот и актуелноста на текстовите кои се објавуваат, додека гл. уредничка треба повеќе да му се посвети на уредувањето на списанието, отколку објавувањето текстови. Се расправаше за рубриките, наднасловите и насловите,

за големината на фонтовите, за фотографиите и легендите, за естетското уредување на списанието и слично. На крајот се дојде до заклучок дека треба повеќе да се поработи на подобрување на соработката помеѓу дописниците и Уредништвото на „М. глас„ и повторно се апелираше примедбите и сугестиите за работата на списанието писмено да се доставуваат до Заедницата.

**Ад. 4.** Информаторот беше подготвен и предаден од страна на друштвата (освен Загреб) и Заедницата (прилог). Забележано е дека во Информаторот на Заедницата е испуштена информацијата за снимањето на емисијата „У истом лонцу„ која беше дел од активностите на Заедницата. На прашањето што го постави М. Мајиќ, зошто УО не беше информиран и консултиран на кој начин се одбрани натпреварувачите во таа емисија, А. Митревски одговори дека М. Чинчурак и М. Грбавица беа одбрани бидејќи кулинарската секција од Осиек најдолго делува, додека Ф. Мавсар беше одбрана бидејќи идејата за учество во оваа емисија дојде од Сплит. За нивните трошоци, доколку ХРТ не ги подмири, трошоците за сместувањето ќе бидат подмирени од наградата која ќе ја добијат натпреварувачите.

**Ад. 5.** За кварталното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2009. godine“ за Советот, претс. А. Митревски рече дека е уредно изработен и предаден до Советот (прилог), заедно со Извештаите на друштвата. Е. Петровска ги информира присутните дека за оваа точка се поделени на увид и материјали за трошоците кои се остварени во октомври оваа година, а кои не влегуваат во кварталниот Извештај. Ј. Цветичанин даде забелешка во годишниот извештај да се наведат и донациите од МКД Сплит и Осиек без оглед што тие беа дадени на инаков начин, а не со директна парична уплата. И. Дуноски нагласи дека од „Деновите на глагољашите во Истра„ скоро сите средства се останати во Заедницата и постави неколку прашања во врска со некои остварени трошоци за патни налози за „Денови на мак. култура„ во Сплит и „Денови на браќата Миладиновци„ во Осиек и трошоци за репрезентации за летното школо на Шолта. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** кварталниот Извештај заедно со трошковниците и патните налози.

**Ад. 6.** Претс. А. Митревски ги извести присутните дека до крајот на 2009 остануваат да се реализираат уште две манифестации на ниво на Заедницата „Ден на Заедницата„ и „Рацинов ден„. Во периодот од минатата седница кога беше донесена одлука „Денот на Заедницата„ да се одржи на 17 октомври, а заради уштеда на финансиски средства, членовите на УО на Заедницата со консултација по телефон, **едногласно донесоа одлука** овие две манифестации да се спојат и заедно да се одржат на 27 и 28 ноември во Самобор, на начин да културно-уметничката програма со која ќе се претстави Заедницата, биде всушност „Ден на Заедницата„ додека останатите случувања бидат составен дел на „Рациновиот ден„. Настаните ќе се одвиваат по следниот редослед: првиот ден, во организација на МКД „Охридски бисер„ од Загреб, ќе се одржи промоција на репринт изданието на „Бели мугри„ од Кочо Рацин, проследена со музичка и рецитаторска програма, додека вториот ден ќе се открие новата биста на Кочо Рацин и ќе се одржи проекција на филм за ликот и делото на Кочо Рацин, а потоа Заедницата ќе се претстави со културно-уметничка програма во која ќе земат учество секциите на сите МКД во составот на Заедницата.

**Ад. 7.** Извештајот за промените на Критерумите и Методологијата за работа врз основа на донесените одлуки на состанокот кој се одржа на 23 октомври во Советот за национални малцинства на РХ, го поднесе претс. А. Митревски. Тој истакна дека идната година се очекува намалување на средствата за малцинствата, па апелираше на рационално и штедливо работење на друштвата и Заедницата. Новите промени на

Критерумите и Методологијата се многу поригорозни од досегашните и бараат големо залагање во осмислувањето на Планот и програмата за работа за 2010 година. Штом ќе биде јавно објавен конкурсот, а со тоа и новите формулари за доделување на средства за 2010, претседателите на друштвата треба да си земат обврска и да ги проучат новите барања, па согласно тоа и да аплицираат. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** во името на Заедницата, да се аплицира за една програма која произлегува од билатералните спогодби, а која би се реализирала во соработка со Заедницата на Хрватите во Македонија и да се направи елаборат со кој ќе се бараат средства за реновирање на просториите на Заедницата како и набавка на канцелариска и техничка опрема.

**Ад. 8.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Да се направи инвентура на имовинската состојба на Заедницата во декември оваа година;
- За инвентурната комисија се именуваат: Никола Гроздановски, Виолета Штерјова, Орце Ламбевски и Елизабета Петровска.

**Ад. 9.** Под точката разно, претс. А. Митревски рече дека Заедницата доби две благодарници од МКД „Браќа Миладиновци„ од Осиек и МКД „Билјана„ од Задар. По разноврсната дискусија, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се одобрува на МКД „Охридски бисер„ од Загреб да ја промени адресата на Масарикова 16/1 каде и делува во просториите на Заедницата;
- Се одобруваат патните трошоци со автобус и дневници на А. Митревски и Огнен Бојаџиски за службено патување на манифестацијата „Ден на општина Велес – Рацинов ден„ во Велес, Македонија (**со 5 гласа за, 1 против и 1 воздржан**);
- Се даруваат 120 примероци од книгата „Бели мугри 1939-2009 – РЕПРИНТ„ од Кочо Рацин на Град Велес.

По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **17.40** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ